**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 326/9
30.01. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 07-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 125/2 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.10.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Наука за јазик - Романистика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Наука за јазик - Романистика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по хуманистички науки од областа Наука за јазик (лингвистика) во полето на романистиката /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Humanities, in the scientific field Linguistics - Romanistics.
Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазикот (лингвистика), Научно - истражувачки област: 64006 Романистика.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Ирина Бабамова, Проф. д-р Мирјана Алексоска Чкатроска, Проф.д-р Мира Трајкова, Проф.д-р Радица Никодиновска, Проф. д-р Александра Саржоска,

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-299/6 од 27.02.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Наука за јазик - Романистика", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-182/3 од 26.01.2023 година (наш бр. 08 - 326/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 326/6 од 25.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.10.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова